Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 22-09-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 93 | 6047/1 | | |


АНАЛИЗА НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И ЦЕНТРАЛНАТА (ЛОКАЛНАТА) ВЛАСТ

Тргнувајќи од фактот дека Граѓанскиот сектор е еден од клучните компоненти кои ја детерминираат партиципативната демократија во едно општество, неопходно е централната власт да се вклучи активно во креирање на Документи и дефинирање на генералните начела, насоки, алатки и механизми со кои Општините ќе станат подржувачко опкружување за граѓанскиот сектор. Можноста општините да доделуваат сретства на Граѓанските организации ќе овозможи да бидат подржани организации кои покриваат различни тематски области актуелни во конкретната општина а тоа пак ќе потикне градење на заеднички капацитети на општините и Граѓанските организации. Големиот број на поединци ангажирани во граѓанскиот сектор можат да донесат придобивки во вид на знаење и независна експертиза во Локалната самоуправа, што ќе биде додадена вредност на капацитетите со кој располага локалната администрација. Канализирајќи ги различните гледишта и интереси на своите членови и засегнати граѓани, Граѓанските организации ќе дадат критички придонес во процесот на донесување на политичките одлуки, зголемувајќи го квалитетот, применливоста и одржливоста на истите. Од друга страна членовите и подржувачите на Граѓанските организации се и гласачи, што само ја потврдува репрезентатвната улога на Граѓанскиот сектор во креирање и спроведување на политиките во Општините.

Моменталната слика за соработката помеѓу општините и Граѓанскиот сектор воопшто не е розева. Недостигот на капацитети кај поголемиот дел од Општините оваа соработка ја сведуваат на спорадична, несистемска и нетранспарентна. Изостанува квалитетна соработка со граѓанските организации при донесување на политички одлуки. Воглавно се сведува на финансиска подршка за организации кои промовираат спорт и традиционални културни манифестации, и тоа без отворен јавен повик. Се разбира дека тоа ги маргинализира Граѓанските организации кои промовираат други теми, и оваа состојба не придонесува за развој на граѓанскиот активизам и демократијата воопшто. Сретствата кои се планираат во буџетот на општините "наводно за подршка на Граѓански организации", најчесто во текот на годината се пренаменуваат за други потреби. Сето ова се случува бидејќи предвидените сретства не се програмирани и сé се случува стихијно. На ваков начин, без имформации за процесот на доделување и тематската распределба, Граѓанските организации се хендикепирани во проектирање на своите годишни планови и активности, на локално ниво.

Заради сé претходно речено, Владата треба да поттикне промени на ова поле.

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И АЛАТКИ ЗА ПРИСТАПНОСТ

Основен документ кој треба да го подготви Министерство за локална самоуправа и Одделение за соработка со невладини организации при Генералниот секретарјат (за одреден временски интервал) е:

**-Стратегија за соработка на општините со граѓанскиот сектор**

а со оглед на слабите капацитети на општинската администрација треба да бидат предлагачи и на документот:

**-- Акциски План за спроведување на Стратегијата за соработка на општините со граѓанскиот сектор**

Се очекува овие два документи да бидат усвоени од Општините, и да им бидат водилка при креирање на документите кои подлабински и сеопфатно ќе ја дефинираат соработката помеѓу општината и граѓанскиот сектор.

Некои од документите кои општините би ги подготвувале на годишно ниво би биле:

**-Годишна програма на општината за соработка со граѓанскиот сектор**

во која ќе бидат специфицирани и терминирани темите за соработка ( како коректив при донесување на политички одлуки).

и

**-Годишна програма за финансиска подршка на граѓанскиот сектор**

со програминарани сретства, дефиниран процес на доделување, тематска расределба за истите , како и параметри кои ќе обезбедат транспарентност.

За квалитетно имплементирање на сите овие документи на локално ниво и тргање на бариерите помеѓу локалната власт и граѓанскиот сектор ,потребни се неколку:

**- “алатки за пристапност”**

кои општините треба да ги понудат за граѓанскиот сектор а кои ќе им овозможат интеракција со локалната власт ( веб страна со: Регистар на Граѓански организации регистрирани на подрачјето на општината; претходно споменатите четири документи; Јавни огласи за финансиска подршка на Граѓански организации и др. Ситуирање на општинската администрација со ресурси кои тековно ќе ги информираат Граѓанските организации за актуелни теми за кои ќе следи политичка одлука и за термини за обавување на консултации на тие теми, ќе ги известуваат Граѓанските организации за Отворен јавен оглас за финансиска подршка и др.).

# И З Ј А В А

За согласност да се објави нашиот предлог на интернет страницата на Одделението за соработка со невладини организации.

Здружение на граѓани
СВЕТ ЗА СИТЕ
Бул. Видое Смилевски 77 / 4 / 27
Скопје

Автор на предлогот
Трајана Ременска, Претседател на Здружението

---------------------------------------